НАРОДНА
И УНИВЕРЗИТЕТСКА
БИБЛИОТЕКА
„КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
– СКОПЈЕ

# ДЛУМ · ЦРТЕЖ '79

НАРОДНА
И УНИВЕРЗИТЕТСКА
БИБЛИОТЕКА
„КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
— СКОПЈЕ

# ДЛУМ ЦРТЕЖ '79

6 — 18 ДЕКЕМВРИ 1979
САЛОН НА НАРОДНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ — СКОПЈЕ

за цртежот

За современиот македонски цртеж

Цртежот е ликовна арматура на уметничкото дело
Најчист продукт на уметноста
Срж на уметничката дикција
Најемотивна ликовна еманација на интелектот
Ликовна стенографија
Цртежот е барање на самиот себе, барање на тоа никогаш докрај откриено јас
Блиц фотографија на видувањето, на чувствувањето
Уметност без посредници
„Што прави цртачот? Спојува две материи, го приближува молиот кон хартијата. Ништо повеќе. Хартијата се буди од својот невин сон, од белиот кошмар" (Башелар во „Право да се сонува")
„Цртежот е хируршки инструмент што ги чини видливи скриените нешта" (Жан Пјер Моро)
„Цртежот не е форма, тој е начин на гледање на формата" (Дега)
„Цртежот е начин со кој однапред се резервира место за бојата" (Андре Лот)
Цртежот е најнепосреден автобиографски бележник на колебањата, страстите, одушевувањата, депресиите, носталгијата, среќата . . .
Бележење на првата мисла, емоцијата
Базичен ликовен ракопис на уметникот
Цртежот е увертира, предигра, предодница, претекст за слика, скулптура, тапиserија . . .
но и
Автономна и интегрална уметничка творевина
Уметност да се живе непосредно и сега

## ЦРТЕЖОТ Е САМОСТОЈНА ЛИКОВНА ДИСЦИПЛИНА

Цртежот ја има привилегијата да биде првиот облик на човековото ликовно видување на светот. Сознанието дека техниката на цртањето имплицира едноставност во ракувањето, директен начин на работа, спонтаност во изразувањето, брзо и ефикасно спроведување на врската меѓу мислата и раката, автентично идентификување на уметниковата личност и остварување на целосно-самостоен ликовен продукт, ја оправдува привлечноста и распространетоста на овој начин на ликовно изразување. Овозможувајќи широко поле на истражување и прифатливи модели на експериментирање, што ќе рече поголема слобода и оптимални постигнувања со скромни средства, цртежот го сретнуваме во сите пластични уметности (сликарство, скулптура, графика, тапиserија, архитектура), во применетите уметности (дизајн, плакат, илустрација, сценографија, костимографија), во цртаните филмови, карикатурата . . .

Ако се имаат предвид сите овие специфичности и предности и се пренебрегне неговата ефемерна структура, може релативно објективно да се сфати обновеното интересирање и рехабилитацијата на оваа дисциплина, особено јасно манифестирана последниве две децениии. Неговиот довчерашен апокрифен живот во одредени средини прераснува во вистинска ренесанса, во која, аналогно на сликарството или скулптурата, се извршуваат револуционерни промени. Во контекстот на овие превривања не само што е извојуван рамноправен статус со спомнатите ликовни области, туку, следејќи ги збиднувањата на светската ликовна сцена (Биенале во Париз и Венеција, Документа во Касел и сл. цртежот добива доминантно место во уметничките начини на опходување. Со доаѓањето на XX век, како и во другите уметности, така и во цртежот, флексибилноста на критериумите ја достигнува својата критична точка на релативност, и на прашањето што сè денес може да биде, да се нарече и да е цртеж, одговорите се губат во еластичноста на сфаќањата.

Без разлика на диферентноста на ставовите, во овој преглед го предлагам толкувањето на цртежот како:

а) завршена, автохтона и самостојна ликовна креација (како сликата, скулптурата, тапиserијата), како цел за себе — чиста ликовно-естетска транспозиција;

б) подготовка за друга дисциплина (скица, проект, картон за тапиserија, слика, скулптура, мозаик, зграфито, фреска) — како преодна, помошна етапа во создавањето;

в) вежбање моќта на визуелните забележувања, необврзан експеримент — игра;

г) нотирање на неповторливи настани од реалноста — како документарно-историска вредност, без поголеми ликовни претензии.

*
* *

Цртежот, како и сликарството во СРМ, се темели на дамнешна традиција. Се присетуваме поконкретно на илуминираните ракописи од иконописната и вивлографската школа на Климент и Наум во Охрид, го следиме неговиот континуитет во средновековните фрески, во златарството, длаборезот и каменорезот, сè до денес. Да се зборува за оваа ликовна проблематика во СРМ (како и насекаде), значи да се навлезе во целосниот организам на современата македонска ликовна уметност, зошто присуството на цртежот е подеднакво релевантно на скулптурата, графиката, сликарството, таписеријата. Обработката на оваа мошне комплексна и обемна материја содржи два дела:

1) Хронолошко-историски и документарен преглед низ кој се следи процесот на генезата, развојот на цртежот.

2) Преглед на резултатите од тие процеси, односно најзначајните уметници, чии дела сведочат за непрекинато, суштинско и аналитичко ангажирање во овој домен.

Пред сè треба да се знае дека, еволутивните патишта на цртежот ја следат симултаната паралела на севкупната македонска современа ликовна уметност. Маките, тешкотиите, проблемите и недоразбирањата во сликарството, се идентични и за цртежот. Според тоа, и основоположниците на македонската Модерна, пред сè Никола Мартиноски и Димитар Пандилов, им се заеднички. Двајцата, но секој на своја страна и на свој начин се соживуваат и ликовно ја транспонираат социјалната тежина на времето (немаштија, проституција, експлоатација). Додека Мартиноски со екстатичен потег ги деформира ликовите на проститутките, а со поспокојна линија ги бележи питачите и сирачињата, Пандилов е преокупиран со судбината на селаните, обликувајќи ги низ напорните процеси на селските работи. Првиот во духот на експресионизмот, вториот во насока на упростен академски реализам и редукцијата што ја подразбира импресионизмот — двајцата заедно огледувајќи го линеарниот цртеж (ако се исклучат моделираните актови на академијата).

Во периодот пред војната цртаат, се разбира, и Личеноски, Коџоман, Владимирски и Тодоровски, меѓутоа не со таков интензитет, љубов и резултати, какви што ни оставаат делата на претходно споменатите уметници. Од ова време познати се и неколку мапи — цртежи со социјално-политичка тематика, на студентот Борко Лазески, кои не би ги споменувале да не содржеа елементи на авторски пристап.

НОВ ги соочува уметниците со нови услови, можности за работи, задачи и мисии. Денес, цртежите на Д. Протуѓер, Б. Лазески, В. П. Цицо, Н. Мартиноски, Д. Тодоровски, Т. Владимирски, Ј. Грабулоски, П. Видимче, З. Блажиќ, Љ. Стефановски, Р. Поповски, Р. Лозанонски, Д. Коцо, Ј. Симонче, А. Ивановски, Т. Ивановски, В. Коџоман, С. Атанасовски и Б. Шотра, работени во рамките на АГИТ-ПРОП одделенијата на македонските бригади, директно на воjното поле или настрана од битките, се (со мали исклучоци) единствените ликовни дела од тој период. Наративно-дескриптивните особености, специфични за реалистичкиот потход, често и неизбежниот патос, разбирливо и оправдано ја нагласуваат нивната документарно-историска вредност, за сметка на ликовно-естетската.

По ослободувањето, како и во цела Југославија, во уметноста се наметнуваат воодушевените славења на слободата и величењето на социјалистичката изградба. Цртежот подреден на сталинистичко-ждановистичкиот соц-реалистички шаблон, едвај да остварува некои позначајни резултати. Далеку од Македонија, во Париз, одново Лазески ги конструира фигурите слушајќи ги лекциите на Андре Лот. Тоа ќе бидат првите обиди во Македонија во насока на смела геометризација на композицијата и сведување на објектот на најесенцијалните елементи, со што се антиципира посткубистичко-конструктивистичката постапка кај нас.

Почетокот на шестата деценија ја донесува слободата на творештвото и ја воведува во ликовното живеење младата генерација, школувана во новосоздадената општествена клима (Белград, Загреб, Љубљана). Таа ќе биде градител и носител на суштинските преобразувања во ликовната уметност. Во Сликарството и скулптурата може да се зборува за општествен стимул и поддршка на јавноста. Меѓутоа, цртежот опстојува без било какви привилегии, самоиницијативно, пг инерција, сам за себе. Со формирањето на групата „ДЕНЕС" во 1953 година[1]), прв пат цртежот влегува отворено, конкретно и директно во фокусот на уметничкото внимание. Изложбата на цртежи на нејзините членови во 1954 г., е прва ваква изложба во нашата Република. Таа се софпаѓа со идеолошките судрувања и полемики во тоа време, по прашање за или против современата уметност, ондсно коинцидира со конфликтите меѓу конзервативните и понапредните сфаќања за уметноста. Нивното мото, забележано во скромниот манифест на Групата: „Нашата основна цел е користење на современите ликовни постигнуво публиката ваквото изложување овозможува издигање во ликовност", мошне прецизно говори за нивната определба. Амбициозните идејни платформи на „ДЕНЕС", сепак се изразуваат само преку скромните димензии и ефектите на цртежот (за да не биде шокот преголем и смелоста пренагласена или можеби да не стаса премногу доцна желбата да се покаже новото). „Една ваква изложба само на цртежи, а не и на слики, е резултат на тоа при преориентирањето од една ликовна концепција кон друга од творецот се бара долготрајна работа. Потоа, преку цртежот побргу се пренесува идејата одошто на каков да било друг начин. Тоа е така бидејќи во цртежот идејата на најнепосреден начин го кажува она што творецот го замислил. Од друга страна, цртежот е и најинтимното, ако не и најценетото на уметникот[2]), вели Димче Протуѓер — еден од излагачите. Понатаму, во истата статија, еден друг излагач — Јордан Грабулоски, вели: „По однос на контактот со публиката ваквот оизложување овозможува издигање во ликовната естетика и навика за чист ликовен израз"[3]). Општите ликовни карактеристики на членовите се сведуваат на повеќе или помалку стилизирани и упростени облици со лирска расположба, наративен баласт ,декоративност и нагласена орнаменталност на цртежот. Стилски се приближуваат или му припаѓаат на кубизмот (Лазески), експресионизмот (Лазески, Лозаноски), поетскиот реализам и интимизмот (Бафети, Грабулоски, Белогаски, Кондовски, Крстевски, Протуѓер), со блага нијанса на своевидно ориентално

---

[1]) Членови на групата „Денес" беа: Д. Бафети, Б. Лазески, Р. Лозаноски, Д. Протуѓер, Љ. Белогаски, Б. Барутовски, Д. Кондовски, Ј. Грабулоски, Б. Крстевски и тројца архитекти.

[2]) М., Определена ликовна концепција, Нова Македонија, Скопје, 21. III. 1954, стр. 8.

[3]) ibid.

осмислена сецесија (Протуѓер). Најдалеку во симплифицирањето на претставите од реалноста и редуцирањето на потезите одат Лазески, Протуѓер, Крстевски и Лозаноски. Во секој случај, негувајќи го исклучиво цртежот, членовите на групата „ДЕНЕС" се застапуваат за негова адекватна валоризација и рамноправен третман со сликарството, што не ќе остане без последици врз еволуцијата што престои. Идентичните или блиски теоретски гледишта на овие уметници, на жал, во практиката зборуваат за едно ликовно разединување, можеби како резултат на различната генерациска припадност.

Со гаснењето на Групата (1954 г.), сè до II половина на VII деценија, оваа дисциплина продолжува неорганизирано да егзистира, без некој особен поттик или благослов од страна. И како што се раѓаат новите ликовни ориентации во сликарството и скулптурата: надреализмот, различните видови нефигурација (експресионистичката, лирската и геометриската апстракција, ташизмот), тие исти настојувања ќе бидат обележје и на цртежите. Пеце Видимче, Борислав Траиковски, Димитар Кондовски, Спасе Куновски, Благоја Папазовски, Ристо Лозаноски, Миле Корубин, Томо Шијак, Иван Велков, Борко Лазески, Димче Протуѓер, Драгутин Аврамовски, Ванчо Ѓоргиевски, Јордан Грабулоски, Петар Хаџи Бошков, Ѓоко Крстевски..., го третираат цртежот помалку или повеќе индивидуално и во рамките на својот ликовен ракопис.

Седумдесеттите години ќе му бидат поблагонаклонети. Во вителот на скопскиот земјотрес наеднаш се анимира ликовната свест на уметниците. И во тие настани во брзо одминување, одново најактуелен станува блокот и моливот. И пак се повторува познатата приказна за репортерско-информативниот аспект на овие реализации, со ликовната луцидност како ретка компонента. За релативно динамичниот подем на цртежот во ова време од суштинско значење е вклучувањето на помладата генерација уметници: Глигор Чемерски, Родољуб Анастасов, Душан Перчинков, Ана Темкова, Танас Луловски, Симон Шемов, Илинка Глигорова, Васко Ташковски, Момчило Петровски, Александар Ристески, Васил Василев, Бранко Конески, Насо Беќаровски, Стефан Маневски, Драган Попоски-Дада итн. и нивната нагласена љубопитност и творечка предилекција за овој вид уметничко изразување. Стимулот доаѓа и од пошириот југословенски ликовен простор: 1963 г. во Сомбор се организира првото триенале на југословенскиот цртеж, а 1968 г. во Риека I Меѓународна изложба на оригиналниот цртеж. Музејот на современата уметност од Скопје 1967 г. ја приредува првата постудиозна изложба посветена на цртежот, под наслов „Аспекти на цртежот во Македонија", а ДЛУМ ја предлага 1969 г. изложбата „Цртежи, гвашеви и акварели". Се организираат и повеќе самостојни изложби од ваков карактер (Мартиноски, Лозаноски, Ташковски, А. Петров...). Имајќи ја предвид и несомнената репутација на Никола Мартиноски како извонреден цртач и збиднувањата воопшто во светот, станува јасно дека нема место за запоставување и индиферентност на оваа благородна ликовна вештина. Сосема логично (иако прекасно), 1975 г. доаѓа до иницијативата на НУБ „Климент Охридски" за организирање годишни изложби посветени на цртежот. Со ни или преку нив, тој евидентно го зголемува бројот на приврзениците и остава видни промени врз квалитетот на реализациите, стилските определби, идејните претексти, техничките решенија и употребата на материјалите. Денешната најмлада ликовна генерација: Жарко Јакимовски, Владо Георгиевски, Илија Пенушлиски, Ангеле Гавровски, Никола Фидановски, Рубенс Корубин, Кирил Гегоски, Илија Аризанов, Димитар Малиданов, Тане Гарски, Доне Милјановски, Таки Павловски... се вклучува најсериозно и најодговорно во процесот на дефинитивната валоризација на цртежот, одржувајќи со него буден и континуиран контакт.

При обид за стилско разграничување на уметничките креации во областа што сега нè преокупира, констатираме плурализам кој ја надминува и релевантната област во сликарството, скулптурата...: академски реализам, фигуративен и апстрактен експресионизам, посткубизам и постконструктивизам, надреализам, геометриска и лирска апстракција, футуризам, ташизам, нова фигурација, нео-романтизам, поп-арт, радикален реализам и некои настојувања блиски на концептуалната уметност.

*
* *

Беше веќе посочено дека во генезата на македонскиот цртеж партиципираат речиси сите ликовни уметници. Меѓутоа, во овој осврт ќе се задржиме само на оние создавачи после 1945 г. кои, аналитички, систематски и конзеквентно се вградуваат во структурата на неговата историја, оставајќи ни цртежи како завршено дело, со јасен авторски знак и современ пристап, придонесувајќи за неговиот автономен растеж и афирмација.

ДИМЧО КОЦО длабоко го вградува во својата ликовна синтакса средновековниот знаковен систем, алтерниран со етнографски елементи. Ваквиот содржински репертоар ликовно го интерпретира со континуирана рамномерна линија како контура и делумни сенчења што ја сугерираат третата димензија. Деформациите на фигурите се подредени на императивите на времето.

Пастелите, акварелите, темперите, гвашевите, кредите и цртежите со туш на ДИМЧЕ ПРОТУЃЕР зад интимната тематика и познатите жанрови криат длабока мисловно-филозофска заднина, загриженост за соодветно разрешување на чисто ликовните прашања преку линијата. Богатите биоморфни и флореални арабески откриваат своевидни носталгично-лирски медитации.

ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ-ЦИЦО — тој афирмиран хроничар на времето и современиците — го сфаќа цртежот како одреден вид психотерапија. Со неколку релаксирани потези и континуирана линија воопшто го моделира човечкиот лик, подразбирајќи ги и потребните деформации и претерувања својствени на карикатурата.

РАДМИЛО ПОПОВСКИ слика групни композиции со молив во кои црно-белите контрасти засновани на ситни, незабележителни потези сугерираат фасцинантна пластичност и веродостојност на претставите.

На ЃОКО КРСТЕВСКИ му ги должиме првите цртежи во кои доминира флеката, случајот и свесно неконтролираното движење на бојата по хартијата. Всушност, станува збор за обиди блиски на ташизмот.

ВАНГЕЛ НАУМОВСКИ со фанатична упорност и прецизност ги ткае тантелестите цртежи-слики, градени со варирање на грижливо систематизираните линии. Во нив е поблизок до „сликарите на инстинктот", отколку до надреалистите (за разлика од неговото сликарство).

Цртежите на РИСТО ЛОЗАНОСКИ се во стилска корелација со неговиот сликарски опус. Линеаризмот често е во заедништво со моделацијата на фигурата. Експресионистичките арабески на потезите во едни дела ги заменува со геометриска испрекршеност во други дела.

ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ го користи цртежот како подготовка за скулптурите или графиките (и таквиот ги следи неговите ликовни фази) или импресиите од современоста ги интерпретира слободно (без функционална замисла). Во втората постапка, спонтаната гестуалност и енергичниот потег создаваат целосна, автохтона визија.
ДРАГУТИН АВРАМОВСКИ-ГУТЕ првите апстрактни видувања ги реализира низ сложената игра на линиите во кои се инкорпорира флеката и додатните интервенции на хартијата (фротаж).
ИВАН ВЕЛКОВ експериментира со цртежот (со различни средства и начини) за да ја добие хранетата фактура и богатиот знаковен систем, специфичен и за неговото сликарство.

Антропоморфните претстави на ЛАЗАР СОФИЈАНОВСКИ, изведувани со голема грижа за линијата и вешта пластичност, ги вбројуваме во најбизарните остварувања од овој домен во Македонија. Максернестовската арома во минуциозно спроведениот chiaroscuro-органски се спојува со невообичаената сугестивност на предложените ситуации.

Се чини дека ГЛИГОР ЧЕМЕРСКИ најавтентично ја изразува сликарската индивидуа преку цртежот. Од неговиот мисловен процес никнуваат непосредни ликовни метафори, спроведени со фуриозен и страстно положен гест, за да ја доживеат својата апогеја во колористичката еуфоричност.

СИМОН ШЕМЛОВ, во почетокт ја следи калиграфската суптилност на паралелното третирање и на текстот и на цртежот, потоа црта со боја во насока на поп-уметноста. Во последните дела го вкротува неспокојниот истражувачки дух во концептуалистички мошне добро осмислени геометриски структури, со што му дава на цртежот нови димензии.

ДУШАН ПЕРЧИНКОВ со прецизност и скрупулозност му пристапува на цртачкиот чин, не делејќи го од сликарството. Ваквата ликовна стратегија доведува до апсолутна егзактност на цртежот, до логичен ритам во композицијата и рамнотежа на масите.

ТАНАС ЛУЛОВСКИ-ТАНЕ поефикасно и претпоставувам полесно ја спроведува својата идејна премиса со моливот, одошто со четката и бојата. Хиперреалистичките претензии на авторот ја подразбираат прецизната моделација и „скриениот" потег.

ВАСКО ТАШКОВСКИ отпрвин е наполно отворен за случајните игри на течните техники (туш, сепија, мастило), за да премине (како и во платната) на прегнантен, строго контролиран систем на потези, граден на вооедначена мека линија и црно-бели односи.

Во цртежите на АНА ТЕМКОВА пулсираат нежно растреперени и сензибилно спроведени линии, со далечни сецесионистички рецидиви. Флуидното ткаење на атмосферата открива одгледувано чувство за невидливите движења на материјата.

ВЛАДИМИР ГЕОРГИЕВСКИ, како и повеќето негови врсници не прави разлика меѓу сликарството и цртежот (во однос на значењето). Неговите пастели аналитички ја проучуваат светлината: светлина како извор од надвор или како внатрешна илуминазија. Неговиот студиозен визуелен систем се должи на неоспорна бравурозност и на индивидуализираниот курзив на потезот.

Цртежите на ИЛИЈА ПЕНУШЛИСКИ целосно ја транспонираат мисловната димензија на авторот. Широкиот и непосреден потег е во ритмичка кохезија со движењата во просторот, барајќи го својот еквивалент во спонтаните природни процеси.

ЖАРКО ЈАКИМОVСКИ создава целосни ликовни претстави само со ефектите на моливите во боја. Во тој епидермичен допир на моливот со подлогата, фрагилната линија и благите пасажи ја градат рафинираната органичност на моделираната форма, сместена во техницистичкиот графикон на современото.

Последните цртежи-објекти на ОЛГИЦА МИЛИЌ откриваат бескомпромисна смелост на решеноста да се соопштат поексплицитно стремежите во концептуалната уметност. Инвентивноста и максималното искористување на „истрошените" материјали ѝ помагаат да нè вовлече во нејзиниот нималку весел свет на секојдневно творечко „трошење".

*
* *

Цртежот е дел од ликовниот живот и на редица други современи македонски уметници. Последниве пет години на изложбите во НУБ „Климент Охридски" ги оствaруваме средбите и со делата на: Абдарманов Коста, Аврамовски Ставре, Аризанов Илија, Бекаровски Насо, Божинов Ѓорги, Василевски Стефан, Веинер Камил, Величковски Владимир, Гавровски Ангел, Гегоски Кирил, Костов Васил, Кочевски Димитар-Мичо, Коџоман Милош, Кузмановски Павле, Малиданов Димитар, Манев Димитар, Маневски Стефан, Матевски Трајко-Рисимкин, Милјановски Доне, Петров Ангел, Симоновски Васил, Стефанов Златко, Струмениковски Ранко, Талевски Борислав, Фидановски Никола-Кочо, Филиповски Александар, Цапев Ѓорѓи, Чале Гранка, Стојчевски Димитар, Петров Јован, Петровиќ Стојан, Ефремов Кирил, Крмов Томислав, Павловски Таки, Хаџи Димова Лепа, Анѓушев Пано, Василев Васил, Ивановски Методија-Менде, Кондовски Димитар, Бошковски Јозо, Димчевски Ѓорги, Зафирова Сузана, Ивановски Александар-Карадере, Ивановски Ангеле, Конески Бранко и Кочовски Илија.

Секој од нив, на свој начин, со различни резултати, инвестира во заедничкиот вертикален подем на современиот македонски цртеж.

Соња Абаџиева Димитрова

АВРАМОВСКИ СТАВРЕ
АНАСТАСОВ РОДОЉУБ
АТАНАСОВСКИ ТАНЕ — ГАРСКИ
БЕЖАН ДРАГОЉУБ
БЕКАРОВСКИ НАСО
БОШКОВСКИ Т. ЈОЗО
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ЕФРЕМОВ КИРИЛ
ИВАНОСКИ АЛЕКСАНДАР — КАРАДАРЕ
ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ
ЈАКИМОВСКИ ЖАРКО
ЈАНКУЛОСКИ АЛЕКСАНДАР — ЦАНЕ
КОРУБИН РУБЕНС
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
КОЏОМАН II МИЛОШ
КРСТЕВСКИ БОРО
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
МАНЕВСКИ СТЕФАН
МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ
ПАВЛОВСКИ ТАКИ
ПЕНУШЛИСКИ ИЛИЈА
ПЕТРОВ АНГЕЛ
ПЕТРОВСКА ДАНКА
РИСТЕСКИ АЛЕКСАНДАР
ТАЛЕВСКИ БОРИСЛАВ
ТАШКОВСКИ ВАСКО
ФИДАНОВСКИ НИКОЛА — КОЧО
ФИЛИПОВСКИ АЦО
ЦАПЕВ ГЕОРГИ
ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР
ШЕМОВ СИМОН

**АВРАМОВСКИ СТАВРЕ**

Роден 1943 во с. Забрдени, Егејски дел на Македонија. Педагошка академија завршил во Скопје.

Адреса: Скопје, ул. „Лазар Поп Трајков“ бр. 31 а.

— „Размислување“, 1979, туш, 60 x 42 см.
— „Паѓање на летачите“, 1979, туш, 100 x 70.



**АНАСТАСОВ РОДОЉУБ**

Роден 1935 во Скопје.
Академија за ликовна уметност завршил во Белград.

Адреса: Скопје, Бул. „Партизански одреди“ бр. 93, I влез, ателје 9.

— „Човек и простор VII“, 1979, молив во боја и акварел, 47,7 x 75 см.
— „Човек и простор VI“, 1979, молив во боја, 55 x 75 см.



**АТАНАСОВСКИ ТАНЕ — ГАРСКИ**

Роден 1938 во с. Гари.
Завршил педагошка академија и филозофски факул тет — група Историја на уметност во Скопје.

Адреса: Куманово, ул. „Киро Антевски“ бр. 10.

— Траги“, 1979, гваш, 46 x 57 см.
— „Сеќавање на минатото“, 1979, гваш, 49 x 59 см.



**БЕЖАН ДРАГОЉУБ**

Роден 1951 во Крушевац.
Завршил Педагошка академија во Скопје.

Адреса: Скопје, Бул „Илинден“ бр. 89/5.

— „Чи-ри-бу-чи-ри-ба“, 1978, туш-фломастер, 50 x 50 см.
— „Отпадок“, 1978, молив, 50 x 70 см.



**БЕЌАРОВСКИ НАСО**

Роден 1938 во с. Желево, Лерин, Егејски дел на Македонија.
Академија за ликовна уметност завршил во Белград.
Адреса: Скопје, ул. „Христијан Тодоровски — Карпош" бр. 86 б.

— „Плод и човек", 1979, туш, 70 х 50 см.



**БОШКОВСКИ Т. ЈОЗО**

Роден 1933, с. Острилци — Крушево.
Завршил Филозофски факултет во Скопје 1969 год.

Адреса: Скопје, ул. „Бриселска" бр. 1, Тафталиџе II.

— „Портрет", 1979, ком. туш во боја, 55 x 46 см.
— „Бик", 1979, ком. техника, 55 x 46 см.



**ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН**

Роден 1932 во Прилеп.
Педагошка академија завршил во Скопје.

Адреса: ул. „Илка Присаѓанка“ бр. 28, Прилеп.

— „Марко Цепенков“, 1979, ќумур, 48 x 34 см.



**ГАВРОВСКИ АНГЕЛ**

Роден 1942 во с. Жилче.
Академија за ликовна уметност завршил во Белград.

Адреса: Скопје, Бул. „Партизански одреди" бр. 127/П-13.

— „Големата планина", 1979, туш-четка, 100 x 75 см.
— „Мотив од планината", 1979, туш-четка, 100 x 75 см.



**ГЕГОСКИ КИРИЛ**

Роден 1944 во Прилеп.
Завршил училиште за применета уметност во Скопје.

Адреса: Прилеп, ул. „Пиринска“, бр. 25 б.

— „Пејзаж I“, 1979, акварел, 50 x 65 см.
— „Пејзаж II“, 1979, акварел, 50 x 65 см.



## ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ

Роден 1950 во Скопје.

Завршил училиште за применета уметност — отсек графика во Скопје 1972 лод.

Адреса: Скопје, ул. „50-та дивизија“ бр. 33.

— „Цртеж 279“, 1979, туш во боја, 70 х 50 см.
— „Цртеж 179“, 1979, туш во боја, 70 х 50 см.
— „Цртеж 179Ф, 1979, туш во боја, 70 х 50 см.



**ЕФРЕМОВ КИРИЛ**

Роден 1938 во Штип.

Завршил прв степен сликарско-графичка насока на Академијата за ликовни уметности во Белград.

Адреса: Штип, ул. „Вера Циривири“ бр. 29/1.

— „Летен сон“, 1979, ком. тех.: гваш и туш, 70 x 50 см.
— „Одвојување од папочникот“, 1979, ком. тех: гваш и туш, 70 x 50 см.



**ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР — КАРАДАРЕ**

Роден 1943 во Прилеп.
Академија за ликовна уметност завршил во Љубљана 1969 год.

Адреса: Скопје, „Партизанск иодреди", бр. 111 бл. IV/1-9.

— „На улица", 1979, туш-четка, 47 x 68 см.



**ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ**

Роден 1929 во Битола.
Педагошка академија завршил во Скопје.

Адреса: Скопје ,,Партизански одреди", бр. 97/27.

— „Манастирски мотив", 1976, ком. техника, 35 x 42 см.



**ЈАКИМОВСКИ ЖАРКО**

Роден 1948 во Скопје.

Академија з аликовна уметност завршил во Љубљана.

Адреса: Скопје, „Кеј 13-ноември“ бр. 68.

— Од циклусот „Трансформации“, цртеж ХХП, 1979, молив и молив во боја, 100 x 70 см.

— Од циклусот „Трансформации“ гртеж XIX, 1979, молив и молив во боја, 100 x 70 см.



**ЈАНКУЛОСКИ АЛЕКСАНДАР — ЦАНЕ**

Роден 1934 во Прилеп.
Педагошка академија завршил во Скопје.

Адреса: Скопје, „Партизански одреди", бр. 93/3-14.

— „Биолошка егзистенција", 1979, ком. техника, 42 x 30 см
— „Плазматична свера", 1978, ком. техника, 42 x 28 см.



**КОРУБИН РУБЕНС**

Роден 1949 во Прилеп.

Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1974 год.

Адреса: Скопје, ул. „Софиска“ бр. 7.

— „Под маслиновото дрво“, 1979, туш и сепија, 35 x 43.

— „Кокетерија“, 1979, туш и сепија, 50 x 50 см.



**КОСТОВ ВАСИЛ**

Роден 1939 во с. Ронци, Егејски дел на Македонија. Училиште за применета уметност заршил во Скопје.

Адреса: Прилеп, ул. „Боца Ивановска“ бр. 7.

— „Мотив од Прохор Пчински“, 1979, туш-боја, 50 x 70 см.
— „Конаци Прохор Пчински“, 1979, туш-боја, 50 x 70 см.



**КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО**

Роден 1943 во с. Св. Петка.

Академија за применета уметност завршил во Белград 1968 год.

Адреса: Битола, ул. „П. Божиновски“ 46/П-7.

— „Жена“, 1968, ком. техника, 69 x 49 см.
— „Каде е крајот“, 1968, пастел, 60 x 50 см.



**КОЏОМАН П МИЛОШ**

Роден 1952 во Скопје.

Педагошка академија завршил во Скопје — ликовна група, 1974. год.

Адреса: Скопје, ул. „Раде Кончар" бр. 5.

— „Геноцид-гама", 1978, ком. тех: молив, туш, гајц, 46 x 49 см.

— „Мутанти", 1978, пастел, 74 x 50 см.



**КРСТЕВСКИ БОРО**

Роден 1931 во Скопје.
Педагошка академија завршил во Скопје.

Адреса: Скопје, ул. „Љубљанска" бр. 1. П вл. ст. 4, Карпош IV

— Јосип Броз, 1979, молив, 23 x 34 см.
— „Женски торзо", 1979, молив, 23 x 34 см.



**КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ**

Роден 1939 во Терово.

Академија за применета уметност завршил во Белград 1966 год.

Адреса: Тетово, ул. „Димо Гавроски — Кара“ б.б.

— „Необичниот“, 1979, туш, 50 x 70 см.
— „Сенка“, 1979, туш, 50 x 70 см.



**МАЛИДАНОВ ДИМИТАР**

Роден 1946 во с. Саракиново, Егејски дел на Македонија.
Академија з аликовни уметности и постдипломски студии завршил во Љубљана.

Адреса: Скопје, ул. „Јован Кукузел" бр. 7 б, н. Лисиче.

— „Кора", 1979, ком. техника, 50 x 32 см.
— „Прозор", 1976, ком. техника, 64 x 50 см.



**МАНЕВСКИ СТЕФАН**

Роден 1934 во Скопје.

Академија за ликовни уметности и постдипломски студии завршил во Белград.

Адреса: „Скопје, ул. „Рокомија“ бр. 41, н. Бутел П.

— „Без наслов“, 1979, пајц, 50 х 56 см.



**МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ**

Роден 1941 во с. Статица — Костурско, Егејски дел на Македонија.
Академија за применета уметност завршил во Будимпешта 1967 год.
Адреса: Скопје Бул. „Партизански одреди" бр. 127/IV-9.

— „Цртеж I", 1979, туш-темпера, 70 x 100 см.
— „Цртеж II", 1979, туш-темпера, 70 x 70 см.



**ПАВЛОВСКИ ТАКИ**

Роден 1939 во с. Желин, Егејски дел на Македонија. Академија за применета уметност завршил во Белград 1964 год.

Адреса: Скопје, ул. „Иван Агоски“ бр. 11/II-1.

— „Ентериер-ролетни“, 1978, гваж, 60 x 43 см.
— „Екстериер-урбан“, 1978 гваж, 60 x 43 см.



**ПЕНУШЛИСКИ ИЛИЈА**

Роден 1947 во Скопје.

Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1971 год.

Адреса: Скопје, ул. „Орце Николов" бр. 96.

— „Цртеж I", 1979, туш, 60 x 45 см.
— „Цртеж II", 1979, туш, 68 x 54 см.



**ПЕТРОВ АНГЕЛ**

Роден 1933 во Титов Велес.

Академија за применета уметност завршил во Белград 1967 год.

Адреса: Титов Велес, ул. „Владимир Назор", бр. 11.

— „Утеха", 1979, туш, 70 x 50 см.

— „Заробеница на мечтите", 1977, туш, 32 x 40 см.



**ПЕТРОВСКА ДАНКА**

Родена 1946 во Скопје.

Академија за ликовни уметности и постдипломски студии завршила во Белград.

Адреса: Белград, „Вељка Петровиќа“ бр. 60.

— „Сонот на Ѓула“, 1976, туш, 50 x 70 см.

— „Оранополис“, 1977, туш, 50 x 70 см.





**РИСТЕСКИ АЛЕКСАНДАР**

Роден 1937 во Прилеп.

Академија за ликовна уметност и постдипломски студии завршил во Белград 1962 год.

Адреса: Скопје, „Алпи" бр. 15.

— „Роденденски поклон", 1978, ком. техника, 67 x 53 см.
— „На Галичица", 1978, ком. техника, 56 x 78 см.



**ТАЛЕВСКИ БОРИСЛАВ**

Роден 1934 во Битола.

Училиште за применета уметност завршил во Скопје и Ниш.

Адреса: Битола, ул. „Стерјоски Ѓорѓи" бр. 2а.

— „Мотив од Охрид", 1979, туш, 51 x 72 см.

— „Охрид", 1979, туш-четка, 72 x 51 см.



**ТАШКОВСКИ ВАСКО**

Роден 1937 во с. Ниже Поле, Битола.
Академија за применета уметност завршил во Белград 1964 год.

Адреса: Скопје, Карпош IV-A бр. 7/II-6.

— „Цртеж", 1979, туш, 50 x 70 см.



**ФИДАНОВСКИ НИКОЛА-КОЧО**

Роден 1946 во с. Битуше.

Академија за ликовна уметност и постдипломски студии завршил о Белград.

Адреса: Скопје, Редакција „Просветена жена".

— „Кон маглите", 1978, молив, 80 x 59 см.



**ФИЛИПОВСКИ АЦО**

Роден 1935 год. во с. Никифорово — Гостиварска околија.
Педагошка академија — ликовна група завршил во Скопје.
Адреса: Скопје, „Партизански одреди" 119, I/9.

— „Јаболки", 1979, фломастер, 50 x 35 см.
— „Сеќавања", 1979, фломастер, 50 x 35 см.



**ЦАПЕВ ГЕОРГИ**

Роден 1891 во Прилеп.
Академија за ликовна уметност завршил во Софија.

Адреса: Скопје, Аутокоманда кула бр. 3 спрат VI/28.

— „Орнамент пролет", 1963, туш, 50 x 50 см.
— „Орнамент жито пчелички и пеперуги", 1970, туш, 50 x 50 см.



**ГЛИГОР ЧЕМЕРСКИ**

Роден 1940 година во Кавадарци. Академија за ликовна уметност завршил во Белград. Адреса: Ул. Благој Страчков бр. 17 Скопје

1. Цртеж I 100 x 70
2. Цртеж II 100 x 70



**ШЕМОВ СИМОН**

Роден 1941 во Кавадарци.
Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1964 год.

Адреса: ул. „359" бр. 41.

— „Детето гледа во ѕвездите III", 1978, колаж, 65 è 50 см.
— „Детето гледа во ѕвездите V", 1978, колаж, 65 x 50 см.



Издавач: НАРОДНА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА
„КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" — СКОПЈЕ

уредник: НАСО БЕЌАРОВСКИ

биографски и каталошки податоци: НАСО БЕЌАРОВСКИ

НАДИЦА БОШКОВСКА

техничка опера: НАСО БЕЌАРОВСКИ

коректор: МИХАИЛ РЕНЏОВ

тираж: 450

печат: ГРАФИЧКИ ЗАВОД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" — СКОПІЕ